ЗДРУЖЕНИ СМЕ ПОСИЛНИ

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 11 декември 2012

## ОХРИДСКА БАНКА ЗА ПРВПАТ ВО МАКЕДОНИЈА ВОВЕДЕ КРЕДИТНО ЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ

Охридска банка, водена од најдобрите практики на Сосиете Женерал Групацијата и трендовите на пазарот, воведе кредитно животно осигурување. Ова претставува пионерска понуда за осигурување во банкарството во Македонија. Банката помина ригорозна процедура за лиценцирање пришто ја прилагоди организацијата, информативниот систем и се екипираше со кадар и надлежни лица за следење на вршењето на процесот на застапување во осигурувањето.

На тој начин Охридска банка ги исполни одредбите од Законот за супервизија на осигурувањето, Законот за банки и релевантните подзаконски акти, според кои **Охридска банка е прва и единствена банка во историјата на Р. Македонија која може да врши застапување во осигурување** за што има добиено претходна согласност за вршење на работи на застапување во осигурувањето од двата регулатори – Агенција за супервизија на осигурување (АСО) и НБРМ.

Во реализацијата на овој проект се вклучени три страни: Охридска банка , во улога на агент – застапник за осигурување, Граве Осигурување во улога на осигурител и Сожелајф од Бугарија – во улога на реосигурител.

Кредитно животно осигурување е иновативен производ што овозможува заштита на клиентите и на банката од неочекувани осигурени настани. За клиентите нуди повеќе од финансиска поддршка – кредити со дополнителна осигурителна заштита. Кредитно животно осигурување функционира на тој начин што доколку се случи несакан осигурен настан, осигурителната компанија ќе ја подмири недоспеаната главница од кредитот што корисникот го должи во банката.

За Кредитно животно осигурување можат да аплицираат сите физички лица кои поднесуваат барање за нов кредит, како и постојни кредитокорисници. Се однесува за сите типови на кредити за население на Охридска банка. Кредитното животно осигурување овозможува посигурна иднина, бидејќи го заштитува клиентот, но и семејството од оптоварување од наследени долгови. Претставува иновативна и современа услуга во банкарството, а премијата е вклучена во месечниот ануитет на кредитот.

Со воведувањето на Кредитно животно осигурување, Охридска банка дополнително го потенцира принципот на одговорно кредитирање и искрено советување во интерес на клиентите.

**КОМУНИКАЦИИ И СТРАТЕШКИ МАРКЕТИНГ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3203 732

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3203 726

ОХРИДСКА БАНКА АД ОХРИД
МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ 19
6000 ОХРИД, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ ОД ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 7909 ОД 9.12.2008